**Известување за концентрација со која Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука, , Република Српска, Босна и Херцеговина ќе стекне поединечна контрола над ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука со регистрирано седиште на ул. Вука Караџиќа број 2, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина над друштвото ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука, со регистрирано седиште на ул. Видовданска број 8, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука - (МТЕЛ)** е регистриран оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи врз основа на дозволи од Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина на територијата на Босна и Херцеговина.

Поврзано лице на Подносителот на известувањето на територијата на Република Северна Македонија е:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица „Максим Горки“ 11/1-кат 3, Скопје, Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичени телекомуникации, односно за давање сателитски услуги и реемитирање на телевизиски програми и сервиси („МТЕЛ ДООЕЛ“).

**ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука** е оператор кој е носител на дозволи издадени од Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина за вршење дејности на оператор за јавни електронски комуникациски мрежи, дозволи за вршење дејности на давател на пристап до интернет и дозволи за користење поединечни негеографски/кратки броеви.

ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука нема поврзани правни лица ниту пак има остварено приходи во Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како малопродажен пазар за давање услуги на широкопојасен пристап до интернет, имајќи ја предвид дејноста на Целното друштво.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

09.01.2022 година, Скопје